


# *ЕУ ВЕСТИ*



***ЕУ ЦЕНТАР***
***јуни 2023 година***
***ЕУЦ-број 84/2023***

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКАТА ЕВРОПСКА ВАЛУТА – ЕВРОТО



Европската Централна Банка (ЕЦБ) изминатите години соработуваше со Европската комисија и со националните централни банки во еврозоната, околу можностите за воведување на дигитално евро. Заедничката европска валута – еврото, претставува симбол на единството и силата на ЕУ.

Дигиталните евра како централно банкарски дигитални пари се електронски еквивалент на готовината. Активностите, консултации и јавните дебати за дигиталното евро беа започнати во ЕУ уште во октомври 2020 година. Оваа можност се разгледуваше со цел да се одговори на се поголемата побарувачка на сигурно и побезбедно електронско плаќање. Околу 60% од испитаниците се изјасниле дека сакаат да ја задржат можноста за користење на готовината, но се повеќе граѓани се одлучуваат на дигитално плаќање со картички и преку апликации издадени од банки и други дигитални компании. Пандемијата со COVID 19, особено го забрза овој тренд.

Дигиталните евра издадени од Централна банка би биле стабилно сидро на монетарниот и платежен систем, со кој би се зајакнала монетарната сувереност на еврозоната како и би се поттикнала конкурентноста и ефикасноста на европскиот платен промет. Дигиталното евро би било електронско средство на плаќање во земјите од еврозоната кое би го издавало од ЕЦБ, а плаќањата би се вршеле преку картичка или телефонска апликација.

Европската комисија на 28 јуни годинава изнесе 2 законодавни предлози со кои: на граѓаните и компаниите на ЕУ им се гарантира континуиран пристап и плаќање со евробанкноти и монети во еврозоната и за утврдување на рамка за нов дигитална форма на еврото што Европската централна банка во иднина би го издавала како дополнување на готовината. Комисијата во новиот предлог ја утврдува правната рамка и клучните елементи на дигиталното евро.

Европската комисија, им препорача на Европскиот парламент и Советот на ЕУ, да се консултираат со ЕЦБ за предложеното законодавство. По донесување на законите ЕЦБ ќе може да започне со процесот на воведување на користењето и достапност на дигиталното евро. Плаќањето со дигитални евра би се вршело преку интернет, но исто така и преку уред без интернет врска. Банките и другите даватели на платежни услуги во ЕУ, би го дистрибуирале дигиталното евро до граѓаните и компаниите. Со цел да се поттикне финансиската вклученост, граѓаните што немаат банкарска сметка, тоа ќе можат да го направат во пошта или друг јавен субјект.

https://finance.ec.europa.eu

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Дигитализација на заедничката европска валута - Евро | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Разговори за уставни реформи во Италија | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Од јули до декември - Шпанско претседателство со ЕУ | 6 |
| Европски закон за слобода на медиумите | 6 |
| Земјите на ЕУ и вештачката интелиганција | 7 |
| Бугарскиот парламент избра влада | 7 |
| Европа и дијабетес | 8 |
| 1,23 милијарди евра за помош на менталното здравје | 8 |
| Извештај за основните права во Европа | 9 |
| Советот на ЕУ со реакции на законот против сексуалната злоупотреба на децата | 10 |
| Нов план за раст на Западен Балкан | 10 |
| Еврозоната во рецесија | 11 |
| ЕУ календар / јули 2023 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 1 јуни 2023***

Европскиот парламент даде поддршка на Нацрт-законот за зголемување на европското производство на муниција и ракети. Актот за поддршка на производството на муниција (ASAP) има за цел да ја забрза испораката на муниција и проектили во Украина и да им помогне на земјите-членки да ги наполнат своите арсенали.

Европратениците ја повикаа Комисијата и земјите на ЕУ да стават крај на „брзата мода“ и да им помогнат на потрошувачите да направат поетички одговорен и одржлив избор. Препораките за стратегијата на ЕУ за одржлив и кружен текстил беа усвоени со 600 гласа. Текстот повикува текстилните производи што се продаваат во ЕУ да бидат потрајни, полесни за повторна употреба, поправка и рециклирање.

Европарламентот го усвои својот став за разговори за новите правила за географските ознаки на ЕУ за земјоделските производи.

Оценувајќи што досега направиле институциите и земјите на ЕУ за борба против сексуалното вознемирување, европратениците повикаа на подобри процедури за известување и поддршка за жртвите. Европратениците го усвоија извештајот со 468 гласа.

На пленарната сесија европарламентот го усвои својот став за преговори со земјите-членки за правилата за интегрирање на човековите права и влијанието врз животната средина во управувањето со компаниите. Од компаниите ќе се бара да го идентификуваат и каде што е потребно да го спречат или ублажат негативното влијание на нивните активности врз човековите права и животната средина, како што се детскиот труд, ропството, трудовата експлоатација, загадувањето, деградацијата на животната средина и губењето на биолошката разновидност.

Во резолуцијата усвоена со 525 гласа европратениците истакнаа дека успешното справување со антимикробната резистенција (AMP) бара претпазлива употреба на антибиотици за луѓето и животните, добри мерки за превенција и контрола на инфекции и повеќе истражување и развој, во нови антимикробни средства и алтернативи на антимикробните средства.

Европарламентот повикува на координирана стратегија за зголемување на отпорноста на ЕУ на странско мешање и манипулации со информации и заштита на европските избори во 2024 година.

Во својата последна резолуција, Парламентот изразува сериозна загриженост за случувањата во Унгарија, во светлината на претстојното унгарско претседателство со Советот на ЕУ. По пленарната дебата за состојбата на владеењето на правото и основните права во Унгарија и замрзнатите фондови на ЕУ, текстот беше усвоен со 442 гласа.

И покрај тоа што Комитетот за буџетска контрола (CONT) ја отфрли нејзината номинација на 24 мај, на пленарната седница на Европскиот парламент со 303 гласа одлучи да се гласа во корист на повторното именување на Илдико Гал -Пелч во Европскиот суд на ревизори.

***Пленарна сесија 12-15 јуни 2023***

Европратениците го усвоија предлогот на Конференцијата на претседатели (претседателот на ЕП Мецола и лидерите на политичките групи) за календарот за изборна година на Парламентот за 2024 година.

Следната година Парламентот треба да одржи 14 пленарни седници, од кои единаесет се четиридневни седници во Стразбур, две дводневни седници во Брисел и една еднодневна сесија за комеморација на Денот на сеќавањето на холокаустот во Брисел.

Изборите за Европскиот парламент ќе се одржат меѓу 6 и 9 јуни 2024 година.

Кипарскиот претседател Никос Христодулидес пред Европскиот парламент ја претстави својата визија за иднината на Европа, фокусирана на геополитичките предизвици. Како дел од серијата дебати „Ова е Европа“, претседателот Христодулидес повика на обединета Европа способна да се промени за да го обезбеди своето место во утрешниот свет.

Претседателката на Република Косово, Вјоса Османи се обрати пред Европскиот парламент на свечена седница во Стразбур. „Република Косово и нејзиниот народ продолжуваат да гледаат кон иднината - европска иднина“, истакна Османи и повика на поцврста регионална соработка.
Со 587 гласа европратениците го поддржаа договорот постигнат со Советот за ревизија на правилата на ЕУ за батерии и отпадни батерии. Новиот закон ги зема предвид технолошкиот развој и идните предизвици во секторот и ќе го опфати целиот циклус на траење на батеријата, од дизајн до крајот на работниот век.
Европскиот парламент ја усвои својата преговарачка позиција за Законот за вештачка интелигенција (ВИ) со 499 гласа пред разговорите со земјите-членки на ЕУ за конечниот облик на законот. Правилата ќе осигурат дека вештачката интелигенција развиена и користена во Европа е целосно во согласност со правата и вредностите на ЕУ, вклучувајќи го човечкиот надзор, безбедноста, приватноста, транспарентноста, недискриминацијата и социјалната и еколошката благосостојба.
Во резолуцијата, усвоена со 447 гласа Европарламентот нагласува дека ЕУ мора да стане помалку зависна од трети земји и да го диверзифицира снабдувањето со критичните производствени увози, како што се ѓубрива, добиточна храна и суровини.
На пленарната седница со 404 гласа, европарламентот усвои извештај со кој се повикува Комисијата да предложи директива за квалитетно стажирање и да ја ажурира постојната рамка за квалитет за стажирање. Според европратениците, новата директива треба да постави минимални стандарди за квалитет, вклучувајќи правила за времетраењето на стажирањето, како и за наградувањето и пристапот до социјална заштита во согласност со националното законодавство и практики.
За да бидат поефикасни прекуграничните истраги, европратениците гласаа за усвојување на нови правила за размена на електронски докази од страна на органите за спроведување на законот.
Во резолуцијата, усвоена со 425 гласа европратениците ги повикуваат сојузниците во НАТО да ја почитуваат својата посветеност на Украина и да го отворат патот за Киев да биде поканет да се приклучи на одбранбената алијанса.
Во усвоената резолуција со 411 гласа, европратениците ги истакна реформите неопходни за да се спречи злоупотребата на шпионски софтвер.



Европскиот парламент усвои три резолуции за почитување на човековите права од страна на Русија, во Судан и во Хонгконг. Европратениците го усвоија законодавниот пакет од два дела со 433 гласа (за регулативата за наредбите за докази) и 438 гласа (за директивата за правни застапници).
Парламентот го усвои предлогот за неговиот состав со кој се бара зголемување на бројот на пратенички места за 11, на вкупно 716, пред европските избори во јуни 2024 година.
Во резолуцијата, усвоена со 395 гласа, Европарламентот предлага „Ден на ЕУ за жртвите на глобалните климатски кризи“ да се одржува секоја година - почнувајќи од оваа година на 15 јули 2023 година и ги повикува Советот и Комисијата да ја поддржат иницијативата.

www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



На 13 јуни 2023 година, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери оствари средба со претседателката на Република Словенија, Наташа Пирц Мусар. На средбата Џафери изрази благодарност за поддршката на Република Словенија како долгогодишен партнер и сојузник на нашите евроатлантски интеграции. Претседателката Пирц-Мусар укажа дека местото на Република Северна Македонија е во ЕУ и дека словенечката поддршка на тој пат и по членството во ЕУ, ќе продолжи со несмален интензитет како и досега. Во рамките на официјалната посета на земјава, претседателката на Република Словенија, Наташа Пирц Мусар, се обрати пред пратениците на Собранието на Република Северна Македонија на 118 седница.

www.sobranie.mk

На 9.6.2023 година се одржа 6 работна средба на Работната група за учество на Дијалогот Жан Моне, на која се доразгледаа преостанатите членови од Деловникот кои не беа разгледани претходно, како и спорните прашања кои се појавија во овој меѓупериод.
На 20 и 21 јуни во Скопје, се реализираше посетата на тројца пратеници во Европскиот парламент во Собранието, во рамки на процесот на Дијалогот Жан Моне. Целта на мисијата беше да се оцени напредокот во процесот на измена на Деловникот на Собранието и да направат подготовки за следната рунда на Дијалогот Жан Моне, наесен. Кофасилитаторите од ЕП одржаа конструктивни средби со претседателот на Собранието, потпретседателите, координаторите на пратеничките групи и други членови на Работната група од Собранието за учество на Дијалогот Жан Моне. Дводневните средби поминаа во многу позитивна атмосфера. Раководството на Собранието и претставниците на пратеничките групи се согласија дека измените на Деловникот треба да бидат финализирани и усвоени што е можно поскоро, за да може Собранието да стане поефикасно, транспарентно и поефективно, исполнувајќи ги аспирациите на граѓаните кон членството во ЕУ.



Во рамки на Конференцијата за демократијата во Европа, која се одржа на 19 јуни во Стокхолм, Кралството Шведска, претседателот Џафери и делегацијата во состав Никола Мицевски, Соња Мираковска и Ремзи Мехмеди, остварија средба со претседателот на шведскиот парламент, Андреас Норлен. Соговорниците се задржаа на тековните политички процеси во двете држави; на процесот на пристапување на Шведска во НАТО, на евроинтеграцискиот процес на Република Северна Македонија, геополитичкиот контекст кој е резултат на неиспровоцираната агресија на Русија против Украина, како и билатералните односи, особено зајакнатата парламентарна соработка преку програмата за соработка меѓу двата парламенти.



Претседателот Џафери имаше свое обраќање на Конференцијата за демократија на Европа, на тема: „Како можат парламентарците да помогнат во заштита и јакнење на демократијата и владеење на правото“.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА





На 20 јуни 2023 година, потпретседателот на Собранието, г. Горан Мисовски оствари средба со Делегација Групата за пријателство од Националното собрание на Француската Република предводена од пратеничката Лилијана Танги, претседателка на групата, во чиј состав беа Бертран Сор, заменик-претседател, Артур Делапорт, Винсен Сетлинже, Марин Амеле, придружувани од Н.Е. Сирил Бомгартнер, амбасадор на Француската Република во Република Северна Македонија. На средбата присуствуваа и претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Француската Република, Александар Николоски и генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова. На средбата Мисовски упати апел за донесување на Резолуција во Францускoто собрание, по примерот на Германскиот Бундестаг, со која се прати силна порака и поддршка за заштитен македонски идентитет и јазик.
Делегацијата оствари заедничка средба со претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми, со претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, Александар Николоски и Ненад Коциќ, прв потпретседател на Секцијата на Франкофонијата на Собранието на Република Северна Македонија.



Претседателот Џафери на 5 јуни 2023 година, оствари средба со членовите на делегацијата на Комисијата за европски прашања на Република Албанија, во состав на Јорида Табаку, претседателка и членовите Етилда Ѓонај, Флутура Ачка, Орландо Ракипи, Крешник Чолаку и Лавдрим Краш. На средбата присуствуваше и Арбер Адеми, претседател на Комисијата за европски прашања на Собранието. Претседателот Џафери ги оцени билатералните односи како одлични, без отворени прашања и со интензивна соработка во области од заеднички интерес.
На 5 јуни 2023 година се одржа средба меѓу претседателите и членовите на комисиите за европски прашања на парламентите на Република Северна Македонија, Република Албанија и Република Косово во рамки на работната посета на нашата земја на парламентарните делегации на двете соседни земји.

Претседателот на Комисијата за европски прашања, на Собранието на Република Северна Македонија, Арбер Адеми оствари проштална средба со заменикот на амбасадорот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје Џефри Голдстајн. Адеми истакна дека голема чест за Северна Македонија е што во моментов е актуелен претседавач со ОБСЕ и дека во тоа својство активно работи на поддршка за надминување на локалните и регионалните предизвици, со цел за стабилност и просперитет на целиот регион и пошироко, заедно со останатите земји-учеснички во ОБСЕ, за излез од сложените безбедносни ситуации.






Во текот на редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, која се одржа на 21 јуни 2023 година во Стразбур, на шефот на Делегацијата на Собранието, Дарко Каевски, му припадна честа во својство на потпретседател да претседава со Асемблејата на тема: „Вонредна состојба во јавното здравје, потребата од холистички пристап кон мултилатерализмот и здравствената заштита“. Каевски функцијата потпретседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа ќе ја извршува до крајот на годината.

## ОД ЈУЛИ ДО ДЕКЕМВРИ 2023 - ШПАНСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО ЕУ

Шпанија на 1 јули годинава ќе го преземе претседавањето со Советот на ЕУ за втората половина на 2023 година. Тоа ќе биде петто претседателство на Шпанија од нејзиното пристапување во ЕУ во 1986 година.
Ротирачкото претседателство го претставува Советот во неговите односи со другите институции на ЕУ, вклучително Европската комисија и Европскиот парламент. За време на шестмесечното претседателството, Шпанија ќе организира 23 неформални состаноци на министри во 21 град низ земјата, како и Конференција на претседателите на парламентите, состанок на Колеџот на комесари во Мадрид и неформален состанок на шефови на држави/влада во Гранада во октомври.
Меѓу приоритетните прашања на агендата на Шпанското претседателство со ЕУ ќе бидат: Европското единство наспроти војната во Украина; отворена стратешка автономија; нови фискални правила; поголема конкурентност на ЕУ и зајакнување на односите со другите региони како Латинска Америка и Карибите.
Логото на Шпанското претседателство со ЕУ со својот минималистички едноставен и јасен дизајн ја симболизира транспарентноста кон која се стреми европскиот проект и целосната идентификација на Шпанија со ЕУ.

## ЕВРОПСКИ ЗАКОН ЗА СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ



Шведското претседателство со Советот на ЕУ разговара за тоа како Законот за слобода на медиумите ќе го зајакне медиумскиот сектор, како ќе ја дополни сегашната регулаторна рамка и за преостанатите пречки на министерскиот состанок.
Советот на министри на ЕУ треба да го донесе својот став за Европскиот закон за слобода на медиумите, клучен дел од законодавството за медиумскиот сектор, во текот на овој месец.
Шведското претседателство на Советот на ЕУ на 7 јуни годинава го објави полуфиналниот текст, една недела пред состанокот на Работната група за аудиовизуелни и медиуми, техничко тело на Советот, кога се очекува да се постигне пристап за досието.
Досието потоа треба да биде усвоено на ниво на амбасадори на 21 јуни без да се бара одобрение од министерството. Последниот документ содржи некои умерени промени на неговите претходни верзии, но исто така, поддржува и некои претходни измени кои ги поделија земјите-членки.
Според официјален претставник на ЕУ, досието се одвива набрзина низ законодавниот процес и покрај тоа што некои делови сè уште не се многу цврсти. Главната причина зад оваа брзање се однесува на притисокот од Европската комисија да го постигне ставот на Советот во рамките на шведскиот семестар, кој завршува на 30 јуни.

https://www.euractiv.com

## ЗЕМЈИТЕ НА ЕУ И ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА




На 14 јуни годинава, на состанокот на Комитетот на постојаните претставници КОРЕПЕР, Европските влади треба да ја формализираат својата верзија на законот на ЕУ со кој се прошируваат правилата за одговорност за производите на софтвер и вештачка интелигенција.
Новата Директива за одговорност за производите, треба да го ажурира тековниот режим на одговорност во Европа, кој датира од 1980-тите, и да го усогласи со новата реалност направена од поврзани уреди и софтвер, вклучувајќи модели со вештачка интелигенција.
На крајот на мај годинава Советот на министри на ЕУ беше блиску до формализирање на својот став за досието. Датумот за формалното одобрување е одреден за 14 јуни, без да биде потребно министерско одобрение.
Конечната верзија на текстот, беше објавена без промени во споредба со последната верзија за која беше објавена. Според документот, само една земја не го поддржала текстот, додека имала резерва за проверка.
„Врз основа на исходот од дискусиите, Претседателството смета дека севкупниот компромис за предлогот за Директива е избалансиран и има широк степен на поддршка од делегациите“, се вели во текстот.
Новата Директива за одговорност за производите, воведува режим на строга одговорност за производителите кои треба да бидат тужени за физички штети што произлегуваат од неисправен производ. Надоместоците за нематеријални загуби како што се повреда на приватноста или дискриминација остануваат регулирани на национално ниво.

https://www.euractiv.com

## БУГАРСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ИЗБРА ВЛАДА



Проевропската влада на ГЕРБ на поранешниот премиер Бојко Борисов и проевропската либерална коалиција „Продолжуваме со промените - Демократска Бугарија“, која ќе има двајца премиери кои ќе ротираат на секои девет месеци, беше назначена од парламентот на 6 јуни годинава.
Ова е и шанса Бугарија да излезе од најдлабоката политичка криза во нејзината понова историја.
За еден од двајцата ротирачки премиери е избран професорот по хемија Николај Денков (Продолжуваме со промената), кој има искуство во четири влади како министер за образование.
На почетокот на 2024 година, тој ќе биде заменет со поранешната бугарска еврокомесарка Марија Габриел (ГЕРБ), која првично ќе биде вицепремиер и министер за надворешни работи. Ротирачката влада Денков-Габриел има планиран хоризонт од една и пол година, кој може да се продолжи до максимум четири години.
ГЕРБ и ПП-ДБ, ветија дека ќе работат за прием на Бугарија во еврозоната, безвизната Шенген зона, длабоки судски реформи и модернизација на армијата.
Групата предлага испраќање воена помош за Украина, нешто што преодната влада назначена од претседателот Румен Радев претходно го блокираше.

https://www.euractiv.com

## ЕВРОПА И ДИЈАБЕТЕС



И покрај напредокот во разбирањето и лекувањето на дијабетес тип 2 (T2D), бројот на Европејци кои живеат со оваа состојба продолжува да се зголемува, предизвикувајќи неприфатливо висок број на предвремени смртни случаи, што е еквивалентно на три џамбо џетови кои се уриваат секој ден. Денес, 61 милион луѓе живеат со дијабетес во Европа и се очекува оваа бројка да достигне 66 милиони до 2030 година, при што T2D сочинува околу 90% од случаите на дијабетес.

За да се подигне свеста за итната потреба да се усвојат неодамнешните препораки засновани на докази во управувањето со T2D, IDF Европа лансира нова публикација: „Дијабетес тип 2: катастрофа што може да се спречи?”.

За време на почетокот на настанот, панелистите што ја претставуваат академијата, здравствените работници, луѓето кои живеат со T2D, индустријата и креаторите на политики ќе разговараат зошто итно треба да ги приспособиме нашите здравствени системи низ Европа и да ги отстраниме бариерите што го спречуваат рано и строго управување со T2D и неговите поврзани фактори на ризик.

Никогаш не би прифатиле три џамбо џетови да паѓаат од европското небо секој ден, едноставно не можеме да прифатиме ист број луѓе (половина милион во 2021 година) да умираат прерано секој ден во Европа поради компликации поврзани со дијабетес што може да се спречат.

https://www.euractiv.com

## 1,23 МИЛИЈАРДИ ЕВРА ЗА ПОМОШ НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ



Европската комисија на 7 јуни 2023 година објави дека ќе одвои 1,23 милијарди евра за помош на менталното здравје во земјите-членки на ЕУ, со цел менталното здравје да стане столб на здравствената политика.

„Денес е нов почеток за сеопфатен пристап ориентиран кон превенција и повеќе засегнати страни кон менталното здравје на ниво на ЕУ“, истакна еврокомесарката за здравје и безбедност на храна Стела Киријакидес.

Беше објавено дека проблемите со менталното здравје веќе погодиле околу 84 милиони луѓе во ЕУ пред пандемијата на вирусот Ковид-19, предизвикувајќи економски трошоци од околу 600 милијарди евра годишно или 4% од БДП на ЕУ.

Акцијата на ЕУ ќе се фокусира на соодветна и ефикасна превенција, пристап до висококвалитетна и прифатлива грижа и третман за менталното здравје и реинтеграција во општеството по закрепнувањето.

Ситуацијата се влоши по пандемијата и војната во Украина, како и загриженоста за климатските промени и зголемените трошоци за живот поради зголемената инфлација.

https://www.belganewsagency.eu

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ВО ЕВРОПА




Во извештајот „Основни права 2023“, објавен на 8 јуни 2023 година од Агенцијата за фундаментални права на Европската Унија се посочува дека поради руската агресија, речиси осум милиони луѓе ја напуштиле Украина и побегнале во други европски земји. Од тој број околу четири милиони добија привремена заштита. Агенцијата оценува дека земјите од ЕУ мора да бидат подготвени за потрајна интеграција на бегалците.

Постојат разлики меѓу членките на ЕУ, особено кога станува збор за должината на заштитата на бегалците кои легално престојувале во Украина до војната, а се без државјанство или државјани на трета земја.

Извештајот како позитивен пример ги наведува земјите-членки на ЕУ каде централните власти се грижат за сместувањето на бегалците и каде бегалците се рамномерно распоредени низ државната територија, но сепак укажува на општиот проблем со недостаток на финансиски средства и ограничените капацитети за сместување.

Според извештајот, многу бегалци работат на работни места кои се далеку под нивните квалификации. ФРА, исто така, бара подобри решенија кога станува збор за учење на бегалците на јазиците на земјите домаќини и признавање на нивните дипломи.

Потсетувајќи дека убедливо најголемиот дел од бегалската популација се жени, дека многу се грижат за деца и стари лица, ФРА нагласува дека сите одредби поврзани со уживањето на специфични права и бенефиции мора да бидат родово чувствителни и приспособени.

ФРА наведува дека е неопходно да се обезбеди финансиски достапно и удобно домување, да се понудат работни места кои одговараат на вештините и квалификациите, да се интегрираат децата во редовните училишта и градинките и да се обезбеди индивидуална поддршка на жените кои доживеале сексуално насилство и експлоатација.

Во врска со бегалската криза, евидентирани се случаи на сексуално и родово насилство, трговија со луѓе, ксенофобни дезинформации и говор на омраза кон малцинствата и маргинализираните, особено ранливите групи, како што се Ромите, се наведува во извештајот.

Како едно од клучните прашања во областа на основните права во 2022 година, ФРА ја наведува растечката сиромаштија кај децата. Поради пандемијата на коронавирусот, а потоа и високата инфлација, како што е наведено, секое четврто дете е во ризик од сиромаштија.

Агенцијата ја повикува Европската Унија и националните влади да користат буџетски ресурси за да ја ублажат детската сиромаштија, особено во посиромашните и ранливите домаќинства, како што се самохраните родители, Ромите и мигрантите.

Едно од клучните прашања во 2022 година беше, според извештајот, злосторствата од омраза и говорот на омраза, особено на интернет, што, исто така, делумно беше поттикнато од руската агресија врз Украина.

http://fra.europa.eu

## СОВЕТОТ НА ЕУ СО РЕАКЦИИ НА ЗАКОНОТ ПРОТИВ СЕКСУАЛНАТА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦАТА



Новиот компромисен текст на Шведското претседателство на Советот на ЕУ за законскиот предлог за борба против материјалот за сексуална злоупотреба на деца, на интернет прави значајни измени на целиот текст, вклучувајќи го опсегот, етикетирањето и планираниот нов Центар на ЕУ.
Правната служба на Советот на министри на ЕУ остро го критикуваше предлогот на ЕУ за борба против ***материјалите за сексуална злоупотреба на децата*** (МСЗД), критикувајќи ја двосмисленоста на наредбите за откривање и нивното можно влијание врз правата на приватноста.
Предлог-законот за МСЗД се соочи со реакции откако беше предложен од Европската комисија минатата година. Тој им дава овластување на судските власти да издаваат налози за откривање, упатени до давателите на комуникациски услуги за кои смета дека се изложени на значителен ризик да бидат искористени за ширење на овој вид нелегална содржина.
По добивањето налог за откривање, како e-mail или WhatsApp услугите ќе бидат принудени да имплементираат алатки кои автоматски скенираат приватни e-mail пораки или текстови за да откријат сомнителни содржини.
Овој инструмент е обвинет дека несразмерно влијае на приватноста на луѓето, бидејќи потенцијално може да биде засегнато секое лице што ја користи услугата. Оваа загриженост ја повтори и Европскиот супервизор за заштита на податоци, студија која е нарачана од Европскиот парламент.
Правната служба на Советот на ЕУ, која е исклучително влијателна во законодавниот процес на ЕУ, сега се надоврзува на проблематичната историја на предлогот, според извадоците од нејзиното правно мислење.

https://www.euractiv.com

## НОВ ПЛАН ЗА РАСТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН



На 31 мај годинава претседателката на ЕК, Урсула фон дер Лајен претстави нова иницијатива за искористување на овој важен момент во регионот. Тоа е нов план за раст за Западен Балкан. Унијата сака да донесе некои од придобивките од членството во ЕУ за луѓето од Западен Балкан веќе денес. Планот за раст е изграден на четири столба: Прво, да се доближи Западен Балкан до единствениот пазар на ЕУ. Второ, да се продлабочи регионалната економска интеграција. Трето, да се забрзаат фундаменталните реформи. И четврто, да се зголемат претпристапните средства. До одреден степен, ова е нов пристап за Европската Унија: ние не бараме само од нашите партнери да преземат нови чекори кон нас. И ние правиме голем чекор кон нив. Нашата заедничка цел е да го забрзаме нивното патување кон ЕУ. И за ова, ја приближуваме нашата Унија до Западен Балкан, истакна фон дер Лајен.
Земјите кои веќе се на перспективен пат кон ЕУ треба да имаат корист од нашиот единствен пазар. На пример, Западен Балкан може да се приклучи на европскиот единствен дигитален пазар во области како што се е-трговија или сајбер безбедност. ЕУ би можела да ја олесни трговијата со стоки и плаќањата. Сакам нашиот единствен пазар да биде двигател на промени, не само за земјите кои веќе се приклучија на семејството, туку и за оние кои сè уште се на пат, нагласи фон дер Лајен.

## ЕВРОЗОНАТА ВО РЕЦЕСИЈА

БДП низ еврозоната се намали за 0,1% во првиот квартал од оваа година, што е пониско од претходната проценка.
Тоа уследи по намалувањето на БДП од 0,1% во четвртиот квартал од минатата година, што значи дека еврозоната се намалува два квартали по ред - стандардна дефиниција за рецесија.
Тоа беше повлечено од Ирска, каде БДП падна за 4,6% во првиот квартал од оваа година.
Економијата на Литванија се намали за 2,1%, додека на Холандија за 0,7%.
Германија, најголемата европска економија, падна за 0,3% и исто така е во рецесија.
Европската економија е погодена од нарушувањето предизвикано од војната во Украина, што го поттикна растот на цените на енергијата и храната.
Инфлацијата во еврозоната во март беше најниска во последните 13 месеци. Тоа предизвика серија зголемувања на каматните стапки додека Европската централна банка се обидуваше да се справи со зголемената инфлација.
Највисок раст на БДП во однос на претходниот квартал забележа Полска (+3,8%), потоа Луксембург (+2,0%) и Португалија (+1,6%).

https://www.theguardian.com



## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ ВО ЈУНИ 2023

1. *Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина,
2. *Закон за нус производи од животинско потекло,
3. Закон за ратифокација на Договорот меѓу Европската Унија и РСМ за учество на РСМ во ”Царините” Програма на Унијата за соработка во областа на царините,
4. *Закон за Академија за судии и јавни обвинители, по скратена постапка.

***ЕУ КАЛЕНДАР / јули 2023***

1. *Шпанско претседателство со Советот на ЕУ, 1 јули - 31 декември, 2023 година;*
2. *Состанок на Советот за општи работи, 10/7/2023, Брисел;*
3. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 10-13/7/2023, Стразбург;*
4. *Состанок на Советот за надворешни работи, 20/7/2023, Брисел.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk


*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




